ОИ-718/1

**РЕФЕРАТ**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ПО ПРЕДМЕТИТЕ ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ И ЛИЧНИ ФИНАНСИИ, НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ-СКОПЈЕ**

Врз основа на одредбите од Законот за високото образование, Правилникот за посебните условите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје , Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.3.2019 година, донесе Одлука со број 02-588/3 од 25.03.2019 година за формирање Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии по предметите: Финансиски пазари и институции и Лични финансии. Рецензентската комисија е во состав: проф. д-р Горан Петревски, проф. д-р Владимир Филиповски и проф. д-р Ѓорѓи Гоцков. По разгледувањето на пристигнатите пријави, Комисијата го изготви рефератот во согласност со член 33 и член 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и во врска со тоа го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

На распишаниот конкурс за наставник за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област финансии, по предметите: Финансиски пазари и институции и Лични финансии, објавен на 14.03.2019 година во дневните весници „Нова Македонија" и „Коха", се јави еден кандидат: д-р Кирил Јовановски, вработен на Економскиот факултет-Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје како доцент по предметите Финансиски пазари и институции и Лични финансии.

**БИОГРАФИЈА**

Кандидатот **д-р Кирил Јовановски** е роден на 21.10.1982 година во Скопје. Средното образование го завршил во ДСУ „Орце Николов" во Скопје со одличен успех и признание за ученик на генерацијата. Во 2001 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје на департманот за финансиски менаџмент, а во 2005 година, по завршувањето на сите потребни испити со просечен успех 9,53 и успешна одбрана на дипломскиот труд се стекнува со прв степен на високо образование. Во март 2008 година е избран во звањето помлад асистент на група предмети од обласа на финансиите на депарманот по финансиски менаџмент, на Економскиот факултет-Скопје.

Од дипломирањето до 2008 година, работи во неколку македонски банки, започнувајќи како приправник, а до денот на вработување на